Брокерска куќа
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД
Бр.02-01/18-5
09.06.2022 година
С К О П Ј Е

Согласно член 116 од Законот за хартии од вредност (Сл.весник 95/05), Одборот на директори на својата седница одржана на ден 30.01.2006 година донесе Одлука за донесување на Општите услови за работењето на брокерската куќа ФЕРШПЕД Брокер АД Скопје бр. 02-12/3.
Пречистениот текст на Општите услови, ги содржи и следните Одлуки за измена и дополнување на Општите услови за работењето на Брокерската куќа, бр. 02-75/2 од 22.05.2007 , бр. 02-7/5 од 23.01.2008 година , 02-01/37 од 19.03.2010 година , 02-01/81 од 01.06.2010 година. 02-01/67-2 од 31.05.2011 година , 02-01/72-4 од 24.07.2012, 02-01/78-3 од 08.06.2015, 02-01/62 -2 од 06.10.2020 година , 02-01/5-3 од 11.03.2022 година и 02-01/18-5 од 09.06.2022 година.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕРСКАТА КУЌА
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД СКОПЈЕ
-пречистен текст-

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Општите услови за работење на Брокерската куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД се регулираат:

I. Видови на услуги со хартии од вредност
II. Брокерско посредување
III. Надоместоци и трошоци/Начин на работа со посебната сметка
IV. Ризици поврзани со вложувања во хартии од вредност;
V. Завршни одредби

I.ВИДОВИ НА УСЛУГИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 2

Брокерската куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје ги врши следниве видови на услуги со хартии од вредност:
а) купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;
ѓ) дејствување како покровител при котација

II. БРОКЕРСКО ПОСРЕДУВАЊЕ

Член 3

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД пред да го прифати првиот налог од клиентот за купување или продавање на хартии од вредност,односно пред на склучи договор со клиентот за вршење услуги со хартии од вредност, должен е да му врачи на клиентот копија од општите услови за работење.

Налози за купување/продавање

Член 4

Брокерската куќа прима налози од клиентите во своите регистрирани деловни простории и во рамки на своето редовно работно време.

Член 5

Налогот може да биде даден писмено или по пошта односно телефакс, со кој на ФЕРШПЕД БРОКЕР АД му се наложува да изврши определена трансакција со хартии од вредност во име и за сметка на клиентот.

Клиентот може да даде налог и по електронски пат, за што клиентот ќе потпише посебен договор за користење на компјутерско информациониот систем за давање налози по електронски пат - Етрадер.

Член 6

Со уписот на налогот во книгата за налози на ФЕРШПЕД БРОКЕР АД се смета дека брокерската куќа го прифатила налогот.

Член 7

Содржината на налогот и видовите налози се регулирани согласно важечките процедури за тргување на Македонска Берза.

Извршување на налог од клиент

Член 8

Налозите на клиентите мора да бидат понудени на берза.

Брокерската куќа е должна веднаш да го внесе налогот на клиентот во БЕСТ системот согласно Правилата за тргување на берза.

Брокерската куќа е должна да го изврши налогот на клиентот, односно да склучи трансакција согласно дадените инструкции од клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартии од вредност дозволуваат негово извршување.

Брокерската куќа ги извршува налозите на клиентите за купување и/или продавање на хартии од вредност во согласност со приоритетот во книгата на налози.

Брокерската куќа не смее да купува и /или продава хартии од вредност за сметка на лице вработено во брокерската куќа, ако со ваквото купување или продавање би се оневозможило извршување на налог на клиент за купување и/или продавање или ако поради тоа тој налог би можел да се реализира по понеповолни услови за клиентот.

Промена,повлекување или одбивање на налог

Член 9

Доколку клиентот ,по приемот на налогот од страна на брокерската куќа, ја промени цената или количината или некој друг елемент од налогот, се смета дека клиентот го повлекол иницијалниот налог.Клиентот може својот налог да го промени или повлече, само ако брокерската куќа, врз основа на иницијалниот налог на клиентот, сеуште не ги купила, односно продала хартиите од вредност.

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД има право да одбие да прифати налог од клиент, во случај, ако според мислење на брокерската куќа налогот односно неговото извршување е во спротивност со соодветните прописи или деловната политика на брокерската куќа.Брокерската куќа мора клиентот да го извести писмено за неприфаќање на налогот и да ги наведе причините поради кои налогот е одбиен.

Содржина на договорот

Член 10

Договорот ги содржи следниве елементи:

а) општите услови за работењето на брокерската куќа;

б) изјава на клиентот дека е запознат со општите услови за работење пред склучување на договорот и дека имал можност да се запознае со содржината на договорот.

Освен ако поинаку не е утврдено со Законот за хартии од вредност за регулирање на односите меѓу брокерската куќа и клиентите се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Брокерскиот договор не смее да содржи одредби:

- со кои клиентот се одрекува од било кои права кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност или правилниците донесени врз основа на Законот за хартии од вредност.
- кои го ограничуваат правото на судска заштита во случај на спор со ФЕРШПЕД БРОКЕР АД
- кои предвидуваат друг надомест освен вообичаениот надоместок за извршување на трговските трансакции, во случај кога постигнатата цена по која е извршен налогот е поповолна за клиентот отколку цената содржана во налогот на клиентот.

Судир на интереси

Член 11

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е должен да го извести клиентот за сите можни судири на интереси меѓу клиентите, ФЕРШПЕД БРОКЕР АД и /или другите клиенти во брокерската куќа.
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е должен да работи на начин со кои се минимизира можноста за судир на интереси меѓу клиентите, брокерската куќа и/или лицата вработени во ФЕРШПЕД БРОКЕР АД.

Извештај на клиент

Член 12

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е должен да му достави на клиентот извештај за склучување и порамнување на трансакцијата со хартии од вредност, во рок од два дена по денот на порамнувањето.
Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

Извештајот содржи податоци за:

-називот на издавачот на хартии од вредност со кои е тргувано;
-видот,родот и класата на хартиите од вредност со кои е тргувано;
-видот на налогот-куповен или продажен;
-количината на хартиите од вредност со кои е тргувано;
-цената по која хартиите од вредност се купени,односно продадени;
-надоместокот за извршната трансакција;
-датумот на приемот на налогот за тргување и
-датумот на порамнување на трансакцијата.

III.НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ/НАЧИН НА РАБОТА СО ПОСЕБНАТА СМЕТКА

Надоместоци и трошоци

Член 13

За извршените услуги на берзанско посредување,клиентот на брокерската куќа и плаќа надомест и и ги плаќа трошоците што произлегуваат и се поврзани со берзанското посредување, во висина и на начин, определен во секогаш важечката тарифа на брокерската куќа, доколку не е определено поинаку.
Во надоместот на ФЕРШПЕД БРОКЕР АД покрај цената за нејзино извршување на услугите на берзанското посредување, пресметани се и провизиите за Берзата, Централниот депозитар на хартии од вредност,како и други евентуални трошоци.
Со потпишување на Договорот за вршење на услуги со хартии од вредност, клиентот се обврзува да ги плати реално сторените трошоци и надоместоци опишани во став 2 од овој член.

Начин на работа со посебната сметка

Паричните средства на клиентот дадени на брокерската куќа за плаќање на обврските за купените хартии од вредност или паричните средства добиени со продажба на хартии од вредност на клиентот, брокерската куќа ги води на посебна сметка отворена за таа намена (сметка за порамнување).

Член 14

Клиентот се обврзува дека пред извршување на налогот за купување, директно на посебната сметка на брокерската куќа (сметка за порамнување) ќе ги уплати потребните средства за реализација на трансакцијата заедно со сите надоместоци и трошоци.
Доколку брокерската куќа не побарала уплата на средства во времето на изготвување на налогот или ако уплатениот износ не е доволен за порамнување на трансакцијата, клиентот е должен во рок од еден работен ден од извршување на трансакцијата, да ги доплати потребните парични средства.
Доколку клиентот во рок од 30 дена не реализира ниту една куповна трансакција, брокерската куќа е должна паричните средства од клиентот да му ги исплати во целост по истекот на 30-тиот ден (односно првиот наредeн работен ден).
Доколку клиентот во рок од 30 дена реализира куповна трансакција чија вредност е пониска од средствата кои се на сметката за порамнување, брокерската куќа е должна по истекот на 30-тиот ден (односно првиот наредeн работен ден) да ја исплати разликата односно преостанатите парични средства во целост.

Член 15

Брокерската куќа се обврзува по порамнување на трансакцијата, износот на средствата од извршениот налог за продажба, намален за соодветните надоместоци и трошоци , најдоцна еден работен ден од денот на порамнување на трансакцијата да го уплати исклучиво (освен во случаите пропишани со закон кога не зависи од волјата на клиентот) во име и за сметка на клиентот на неговата трансакциска сметка во деловна банка.

Член 16

По исклучок на член 15, доколку клиентот даде писмена инструкција паричните средства од продажба на хартиите од вредност да не му се исплатуваат на неговата сметка, односно истите да остануваат на сметката за порамнување на брокерската куќа, во тој случај паричните средства може да останат на сметката за порамнување најмногу 30 дена од денот на порамнување на продажната трансакција.
Доколку клиентот во рок од 30 дена не реализира ниту една куповна трансакција, брокерската куќа е должна паричните средства за кои добила писмена инструкција од клиентот согласно став 1 на овој член да му ги исплати во целост по истекот на 30-тиот ден (односно првиот наредeн работен ден).
Доколку клиентот во рок од 30 дена реализира куповна трансакција чија вредност е пониска од средствата кои се на сметката за порамнување врз основа на писмената инструкција на клиентот од став 1 на овој член, брокерската куќа е должна по истекот на 30-тиот ден (односно првиот наредeн работен ден) да ја исплати разликата односно преостанатите парични средства во целост.

Доколку во периодот од 30 дена клиентот континуирано врши купување и продавање на хартии од вредност рокот од 30 дена од став 1 на овој член ќе се смета за сите продажни трансакции и уплати од член 14 став 1 по методот FIFO (прв влезен прв излезен).

IV. РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 17

При вршење на услуги со хартии од вредност за клиентот,ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е должен да го заштити интересот на клиентот.

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е должен да се обиде да ги добие сите потребни информации од клиентите во врска со нивното искуство во вложување во хартии од вредност и нивните финансиски можности и цели значајни за заштита на нивните интереси.

Брокерската куќа е должна веднаш да го извести клиентот за сите околности од значење за одлучување на клиентот во врска со налогот за купување или продавање на хартии од вредност и /или други услуги кои треба да ги изврши, како и ризиците во врска со вложувањето во хартии од вредност.

Вложувањата во хартии од вредност се ризични, затоа клиентот, со самото потпишување на договорот потврдува дека е свесен и дека го прифаќа ризикот дека заради движењата на пазарот и други фактори што влијаат на пазарот на хартии од вредност, врз кои што брокерската куќа нема никакво влијание, вредноста на хартиите од вредност може неочекувано да се промени.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Непочитување на обврските

Член 18

Во случај на непочитување на обврските согласно со овие општи услови на работење, договорот и налогот, секоја страна може да отстапи од договорот и да бара оштета од другата договорна страна.

Промени на општите услови на работењето

Член 19

Во случај на промена на законската регулатива,прописи и/или одлуки,кои што влијаат на исполнувањето на обврските на брокерската куќа според овие општи услови на работење, договорот или налогот, брокерската куќа според сопствена проценка и одлука има право да ги измени, односно да ги дополни овие општи услови на работење, односно наведениот договор или да отстапи од наведениот договор.

Ако клиентот, не се согласува со таква промена, односно дополнување, брокерската куќа има право веднаш да отстапи од наведениот договор.

Се претпоставува дека клиентот се согласува со промените на општите услови на работење и наведените договори ако во рок од 7 дена по известувањето од страна на брокерската куќа за промените, односно дополнувањата, писмено не ја извести брокерската куќа дека не се согласува со тие промени односно дополнувања.

Во случај на промена на личните податоци(во кои се содржат и адресни податоци) во рок од три работни дена од настанување на промената Клиентот е должен да ја извести Брокерската куќа,во спротивно секоја достава од страна на брокерската куќа до Клиентот се смета дека е уредно извршена на адресата која претходно е доставена до Брокерската куќа.

Член 20

Брокерската куќа има право едностранo да ги промени, односно да ги дополни овие општи услови на работење, доколку со таквите промени односно дополнувања суштински не навлегува во правата и обврските на клиентот според овие општи услови на работење.

Водење и чување на податоци

Член 21

Брокерската куќа е должна да води евиденција и да ги чува сите документи кои во секое време овозможуваат потврдување дека одредена трансакција е извршена во име и за сметка на клиентот, во согласност со важечките законски прописи.

Кодекс на однесување

Член 22

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е должен да ги запазува високите стандарди на однесување на пазарот и да постапува со соодветно внимание и вештина.

Начин на решавање на спорови

Член 23

Евентуалните спорови ФЕРШПЕД БРОКЕР АД и клиентот ги решаваат спогодбено, а во случај на судски спор надлежен е Основен граѓански суд во Скопје.

За проценка на сите договорни односи,коишто се темелат на овие општи услови за работење се користи македонското право.
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје е должен да овозможи начин и постапка на поднесување на жалби од страна на клиентите како и право на приговор до Македонска берза .

Членство во саморегулирачка организација

Член 24

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД е член на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Заштита на лични податоци

Член 25

Согласно Законот за заштита на личните податоци, Клиентот се согласува личните податоци да бидат регистрирани, обработувани и ажурирани за потребите на брокерската куќа.

Одбор на директори

Драган Наков – Претседател _____

Тодор Сејзов- Неизвршен чен _____

Лидија Трајковиќ - Извршен директор_____

брокерска куќа
ФЕРШПЕД БРОКЕР
АД СКОПЈЕ 1